

## ПРЕСПА ВО ДЕЛАТА НА СЛАВЕ КАТИН

Духот на Илинден продолжи и во славната НОБ. За делото на Револуцијата своите животи ги дадоа 128 синови и ќерки на Преспа, меѓу кои и поетот револуционер, народниот херој Мите Богоевски. На 6 јули 1942 година во месноста Синедолско Кладенче, над селото Златари, е формиран првиот Преспанско-битолски партизански одред „Даме Груев", за потоа да се создадат нови и уште поголеми воени единици.

На 2 август 1943 година, во месноста Ломје, кај Отешево, во подножјето на планината Галичица, е одржано историското Преспанско советување на ЦК КПМ, на кое беа донесени судбоносни одлуки за разгорување на оружениото востание во Македонија против фашистичките окупатори.

Незаборавен е фактот дека првото слободно утро во Ресен и Преспа осамна на 5 ноември 1944 година, кога борците на Петтата и Седмата македонска народно-ослободителна ударна бригада победоносно влегоа во Ресен и го развеаја знамето на слободата. Со тоа се означи крајот на вековното ропство и почетокот на новиот слободен развој на Репуб-лика Македонија, а во тие рамки и на Ресен и Преспа во целина.

Во годините по Втората светска војна овој крај, од изразито заостанато аграрно подрачје, доживеа значајна преродба, израснувајќи во модерен индустриски, земјоделски и туристички центар, со современа и развиена прехранбена и текстилна индустрија.

Меѓутоа, миграционите движења во Македонија си го направија своето. Така, Преспа стана крај во кој почна рано да се оди на печалба. Во 19-от век и почетокот на 20-от век преспани како печалбари можеа да се најдат на работа во прекуокеанските земји Америка и Австралија, во Европа, како и во некои делови на Србија, Бугарија, Турција и други држави.

Општината Ресен има 44 населени места. Долна Преспа, пак, со помал дел од Преспанското Езеро и Малото Езеро, влегува во составот на Грција и Албанија. Оваа положба, всушност, резултира од поделбата на Македонија по Балканските војни и Првата светска војна.





Пишува: СЛАВЕ КАТИН